# **СООПШТЕНИЕ ДО ПРЕВОЗНИЦИТЕ КОИ ВРШАТ МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ НА СТОКА**

Министерството за транспорт и врски ги известува сите заинтересирани превозници дека на ден 06.07.2018 година, во период од 11:00 часот до 19:00 часот, ќе се врши електронско аплицирање за месечни ЕКМТ дозволи за 2018 година.

Право на аплицирање имаат превозниците кои поседуваат

- возила со Еуро 5 стандард,
- вршат превоз на свежа и/или смрзната стока и
- новонабавени возила со Еуро 5 стандард.

За апликацијата да е валидна ќе биде потребно преку писарницата на Министерството за транспорт и врски превозниците истиот ден од 8:30 до 16:30 часот да ја достават и следната документација:

- Копија од сообраќајна дозвола за новонабавено возило со Еуро 5 стандард,
- Копија од сообраќајна дозвола за ладилник и/или цистерна за прехрана или ЦМР за извршени превози на свежа и/или смрзната стока за изминатите 6 месеци (најмалку 6 ЦМР-и) или договор за вршење превоз на свежа и/или смрзната стока и
- Копија од важечки ЕКМТ тест сертификат на денот на аплцирање и за влечните и за приклучните возила со кои аплицира.

**Возилата со кои се аплицира потребно е да се веќе евидентирани во базата на транспортери на Министерството за транспорт и врски**

Распределбата на месечните ЕКМТ дозволи за 2018 година ќе се врши по следниот редослед:

1. Превозници кои немааат добиено ЕКМТ годишна дозвола за 2018 година, при што, на група до 3 слободни возила ќе се доделуваат најмногу 2 (две) ЕКМТ месечни дозволи.
2. Превозници чија покриеност е помала од 50% од вкупниот возен парк со ЕКМТ годишни дозволи, при што, на група од 5 слободни возила ќе се доделуваат најмногу 2 (две) ЕКМТ месечни дозволи.